РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 164/7
01.10. 2024 год.-viti

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 03-10-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 259 | /60 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 12 седница одржана на 27.09.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма “Индустриско инженерство и менаџмент“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма “Индустриско инженерство и менаџмент“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по Индустриско инженерство и менаџмент/во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science in industrial engineering and management.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 211 Индустриско инженерство и менаџмент, Научно – истражувачка област: 21100 Метод на анализа на структура ифункционирање на претпријатието, 21101 Планирање, 21102 Анализа и мерење на работата ивремето, 21103 Проучување на факторите наработната средина и заштита на работа, 21104 Внатрешен транспорт, 21105 Организација на технолошки процеси, 21106 Организација на административнипроцеси, 21107 Методи на теоријата на системот исистемска анализа, 21108 Индустриска динамика, 21109 Теорија на одлучување, 21110 Операциони истражувања, 21111 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-181/14 од 30.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма “Индустриско инженерство и менаџмент“, втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-259/6 од 14.02.2024 година (наш бр. 08 - 164/1 од 16.02.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 3-та седницата одржана на 10.05.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр. 08-164/6 од 30.09.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 12-та седница одржана на 27.09.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски